РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup
Примено: / E Pranuar: 25-01-2022
Организациона единица / Njësia | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë

**До: Министерство за финансии**

**Б А Р А Њ Е**

15

...олномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

...врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. **Кои мерки за родова еднаквост и зајакнување на жени кои не се дел од програмите и потпрограмите на министерството се донесени од страна на министерството во 2019, 2020 и 2021 година (согласно Закон за организација и работа на органите на државната управа)?**
2. **Ве молиме за секоја мерка наведете го актот/и со кои е формализирано донесувањето и извршувањето на мерката.**
3. **Ве молиме, за секој наведен акт доставете копија од документот во прилог на одговорот.**

*<u>Ве молиме бараните информации да бидат организирани на следниов начин:</u>*

| **Мерки за родова еднаквост и зајакнување на жени кои не се дел од програмите и потпрограмите на министерството за 2019** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Назив на мерка:** | **Со кој акт/и е формализирано донесувањето мерката** | **Со кој акт/и е обебедено извршување на мерката** | **Износ на буџет за мерката:** | **Извор на финансирање:** |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

| **Мерки за родова еднаквост и зајакнување на жени кои не се дел од програмите и потпрограмите на министерството за 2020** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Назив на мерка:** | **Со кој акт/и е формализирано донесувањето мерката** | **Со кој акт/и е обебедено извршување на мерката** | **Износ на буџет за мерката:** | **Извор на финансирање:** |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Republic of North Macedonia
**Ministry of Finance**

– Сектор за правни работи –

**Архивски број: 03-817/** 5
**Датум:** 14-02-2022

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации - Министерство за финансии го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
### за одобрување на барање за пристап до информации од јавен карактер

1. СЕ ОДОБРУВА барањето број 03-817/1 од 25.01.2022 година, поднесено од страна на барател [redacted], за пристап до информација од јавен карактер „1. Кои мерки [redacted] на жени кои не се дел од програмите и потпрограмите на министерството се донесени од страна на министерството во 2019, 2020 и 2021 година (согласно Закон за организација и работа на органите на државната управа)? 2. Ве молиме за секоја мерка наведете го актот/ите со кои е формализирано донесувањето и извршувањето на мерката. 3. Ве молиме, за секој наведен акт доставете копија од документот во прилог на одговорот.".

2. Податоците кои ќе му бидат доставени на барателот се во прилог на ова Решение и се составен дел од истото.

## Образложение

На ден 25.01.2022 [redacted]е за унапредување на родовата еднаквост [redacted]ерството за финансии поднесе барање за пристап до информација од јавен карактер, со кое се побара пристап до информацијата карактер „1. Кои мерки за родова еднаквост и зајакнување на жени кои не се дел од програмите и потпрограмите на министерството се донесени од страна на министерството во 2019, 2020 и 2021 година (согласно Закон за организација и работа на органите на државната управа)? 2. Ве молиме за секоја мерка наведете го актот/ите со кои е формализирано донесувањето и извршувањето на мерката. 3. Ве молиме, за секој наведен акт доставете копија од документот во прилог на одговорот.".

Министерството за финансии како имател на информации го разгледа барањето, при што утврди дека бараната информација не спаѓа под исклучоците од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер предвидени во член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

– Сектор за правни работи –

Податоците кои ќе му бидат доставени на барателот се во прилог на ова Решение и се составен дел од истото.

Имајќи го во вид наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ
Раководител на сектор
Татјана Васева

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

– Сектор за правни работи –

Прилог кон Решението

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Министерството за финансии, заведено под наш број 03-817/1 од 25.01.2022 година, со кое барате пристап до информацијата „1. Кои мерки за родова еднаквост и зајакнување на жени кои не се дел од програмите и потпрограмите на министерството се донесени од страна на министерството во 2019, 2020 и 2021 година (согласно Закон за организација и работа на органите на државната управа)? 2. Ве молиме за секоја мерка наведете го актот/и со кои е формализирано донесувањето и извршувањето на мерката. 3. Ве молиме, за секој наведен акт доставете копија од документот во прилог на одговорот.“, ве известуваме за следното:

Министерството за финансии во рамките на процесот на родово одговорно буџетирање има изработено родово буџетска изјава за Проектот „Купи куќа, купи стан“ и „Купи куќа за млади“, која е програма на Министерството за финансии.

Исто така, Министерството за финансии има воспоставено веб апликација Граѓански буџет која на едноставен начин го доближува буџетот до граѓаните, интерактивно ги информира за тоа како се крои буџетот, на кој начин се полни и како се трошат распределените средства, а каде во делот родово буџетски иницијативи е наведено учеството на секоја секторска програма во вкупниот буџет за родово буџетски иницијативи. http://budget.finance.gov.mk/rodova_senzitivnost.html.

Воедно, вработени од Министерството за финансии во 2019 и 2020 година, имаат учествувано на обуки за подигање на капацитетите за родова еднаквост што може да се увиди од Годишниот извештај за работата на координаторот и заменик – координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Министерството за финансии ( во прилог извештаите за наведените години).

Во текот на 2021 година, координаторот за родова еднаквост присуствуваше на работилница на тема Унапредување на институционализацијата на РОБ преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратешкото планирање и програмите на владините институции во Северна Македонија“ организирана од страна

на Министерството за труд и социјална политика, а во соработка со канцеларијата на UN Women во Скопје, како и на работилница на тема Управување врз основа на резултати (Мониторинг, прибирање на податоци и известување по индикатори за успешност на родово одговорни политики), одржана во Охрид, а организирана исто така,- од страна на Министерството за труд и социјална политика.